2. Ky Aktvendim do të botohet në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

Numër PA1 09-192 09.2.2022 Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.Sc. **Nora Aliti,** d.v.

---

**421.**

Врз основа на член 1 став 2 и член 101 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр.95/2005, …., 83/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 31/2020 и 288/2021) и согласно член 54 став 2 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на РМ” бр. 124/2015 и 65/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 9.2.2022 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ЗАПИРА постапката по Барањето на Инвестброкер АД Скопје за давање согласност на лицето Филип Петрушевски за именување на директор на брокерска куќа Инвестброкер АД Скопје број УП1 10-5 од 24.1.2022 година, поради непостапување по Барање број УП1 10-5 од 26.1.2022 година, односно поради тоа што Барањето се смета за откажано.

2. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1 10-5 9 февруари 2022 година Скопје

Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

Në bazë të nenit 1, paragrafi (2) dhe nenit 101 të Ligjit të Letrave me Vlerë (“Gazeta Zyrtare e RM-së” nr.95/2005, …., 83/2018 dhe “Gazeta Zyrtare e RMV-së” nr. 31/2020 dhe 288/2021) dhe në pajtim me nenin 54, paragrafi (2) të Ligjit të Procedurës së Përgjithshme Administrative (“Gazeta Zyrtare e RM-së” nr. 124/2015 dhe 65/18), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më datë 9.2.2022, e miratoi këtë

**A K T V E N D I M**

1. NDËRPRITET procedura ndaj Kërkesës së “Investbroker” SHA, Shkup, për dhënie të pëlqimit personit Filip Petrushevski për emërim të drejtorit të Shtëpisë së Brokerimit “Investbroker” SHA, Shkup, numër PA1 10-5, datë 24.1.2022, për shkak të mosveprimit ndaj Kërkesës numër PA1 10-5, datë 26.1.2022, respektivisht për atë se Kërkesa llogritet e anuluar.

2. Ky Aktvendim do të botohet në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

Numër PA1 10-5 09.2.2022 Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.Sc. **Nora Aliti,** d.v.

# СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРЕИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

**422.**

Врз основа на член 116 став 2 и 3 Од Законот за пензиско и инвалидско осигурување (“Сл весник на РМ” бр 98/2012……267/2020”) и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за Солидарен фонд и членарина бр. 03-06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 7.2.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВРЕМЕНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАДРШКАТА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД – ПОСМРТНА ПОМОШ, ЧЛЕНАРИНА И ВИСИНАТА НА ИСПЛАТАТА НА ПОСМРТНАТА ПОМОШ**

Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд – посмртна помош се определува во износ од 150 денари месечно.

Износот од став 1 на овој член ќе се задржува почнувајќи со исплатата на февруарската пензија заклучно со исплатата на јунската пензија за 2022 година, заради обезбедување на средства за исплата на посмртна помош поради зголемениот број на починати корисници на пензија.

Член 2

Висината на посмртната помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер, изнесува 25.000 денари, почнувајќи со задршката од исплатата на пензиите за месец февруари 2022 година.

Примателите на посмртната помош ќе имат право на разлика од 5.000 денари (од 25.000 до 30.000 денари) по акумулирање на потребните средства за исплата на посмртна помош.

За доплатата од 5.000 денари на примателите од став 2 на овој член Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ќе воспостави посебна евиденција со адресни податоци.

Податоците од став 3 на овој член, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ги доставува секој месец до Регистрираната организација за Солидарен фонд и членарина.

Член 3

За членување во здружение на пензионери (членарина) висината на членарината изнесува 30 денари

Член 4

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на задршката за Солидарен фонд – посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош („Сл. весник на РСМ“ бр 292/2021 година).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со исплатата на февруарската пензија заклучно со исплатата на јунската пензија за 2022 година.

Одбор на Регистрирана организација за солидарен фонд и членарина
Претседател,
**Ментор Коку**, с.р.